Архивски број: 08-47/7
___________ година
06-05-2025

Постапувајќи по претставка бр. 08-708/1 од 19.11.2024 година поднесена од д Скопје, со адреса на живеење на ул. , бр. во Скопје, во име на нејзиниот син исто така од Скопје, против Министерство за образование и наука, за сторена дискриминација врз основа на попреченост во областа на образованието, науката и спортот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** кон лицето од Скопје, редовен студент на Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Педагошки факултет "Св. Климент Охридски", отсек – Библиотекарство, како и кон другите студенти со попреченост запишани на јавни и приватни универзитети и на самостојни високи стручни школи во државата, сторена од страна на Министерство за образование и наука врз основа на попреченост во областа на образованието, науката и спортот, а која произлегува од одедбите на Законот за студентскиот стандард.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 19.11.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-708/1, од страна на подносителката од Скопје, во име на нејзиниот син од Скопје, со адреса на жвеење на ул. во Скопје, за сторена дискриминација врз основа на попреченост во областа на образованието, науката и спортот од страна на Министерството за образование и наука (понатаму: **"МОН"**).

Во претставката подносителката наведува дека ресорното министерство, односно министерството надлежно за работите од областа на образованието и науката објавило оглас за студентски стипендии во кој биле наведени стипендии за неколку групи на корисници, но не и за лицата со попреченост. Поради ова смета дека и таа и нејзиниот син кој бил редовен студент на Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Педагошки факултет "Св. Климент Охридски", отсек Библиотекарство, биле дискриминирани затоа што за лицата, конкретно студентите со попреченост, иако можеби во минимален број, не биле предвидени студентски стипендии, додека пак овие лица биле предвидени како посебна категорија корисници на стипендии за времетраење на нивното образование во средните училишта.

Во согласност со член 24 став (2), а во врска со став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација, на 27.11.2024 година Комисијата се обрати до подносителката со Барање за доуредување на претставката број 08-708/2 и од неа побара да достави доказ врз основа на кој ќе може да се утврди состојбата на попреченост на нејзиниот син, негови лични податоци, доказ од кој е видно дека тој е студент на наведениот факултет и податоци за огласот за доделување на студенстски стипендии објавен од страна на МОН.

По ова, на 28.11.2024 година подносителката по електронски пат го достави бараното доуредување и кон истото ги приложи следните докази:

- Фотокопие од лична карта на име од Скопје,
- Наод и мислење за оцена на видот и степенот на попреченоста и посебните потреби на лица со пречки во равојот број 19081/67022 од 18.02.2020 година на име и
- Потврда бр. 09-13/375 од 19.09.2024 година на Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Педагошки факултет "Св. Климент Охридски" – Скопје.

На 05.12.2024 година Комисијата се обрати со Барање број 08-708/4 за произнесување по наводи во претставка до Министерството за образование и наука. По ова, на 09.01.2025 година во Комисијата е примен Допис арх. Бр. 19-13425/2 од 18.12.2024 година на Министерство за образование и наука во кој се наведува дека стипендиите за студентите се доделуваат во согласност со член 49 став (1) од Закон за студентски стандард [1]. Категориите се утврдени во ставот (10) од истиот закон, како следи: "од вкупниот број на стипендии, 49% се за студенти од социјални категории, 30% се за студенти кои постигнале особен успех во учењето, 20% се за студенти кои се запишани на студиски програми од природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки, а 1% за студенти запишани на студиски програми за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование". Се посочува дека во досегашните законски регулативи немало посебна категорија за студенти со попреченост, но се пресметувале дополнителни бодови за студенти од социјални категории. Во таа насока министерството наведува дека биле формирани работни групи за подготовка на нови закони во областа на образованието и на нови текстови на Закон за студентски стандард каде би се разгледала можноста за обезбедување на посебна категорија за студенти со попреченост, како и за обезбедување еднаквост за оваа категорија во образовниот систем.

[1] "Службен весник на Република Македонија", бр. 15/13, 120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18, 20/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 124/19, 248/20 и 302/20


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Со цел правилно утврдување на фактичката состојба, Комисијата на 21.01.2025 година достави Барање бр. 08-47/2 за добивање на дополнителни податоци до МОН, со кое побара да и бидат доставени податоци за тоа:

– Колкав е бројот на студенти со попреченост на кои им е доделена студентска стипендија, а кои спаѓаат во некоја од категориите опфатени со член 49 став (10) од Законот за студентски стандард и

– Колкав е бројот на студенти Роми на кои им е доделена студенстска стипендија согласно член 49 став (5) од Закон за студентски стандард.

На 29.01.2025 година во Комисијата пристигнат е Допис бр. 19-1478/2 од 29.01.2025 година на МОН во кој се доставени следните податоци:

**– Бројот на студенти со попреченост на кои им е доделена студентска стипендија, а кои спаѓаат во некоја од категориите опфатени со член 49 став (10) од Закон за студентски стандард изнесува 14 за академската 2024/2025 година и**

**– Број на студенти Роми на кои им е доделена студентска стипендија согласно член 49 став (5) од истиот закон, изнесува 127 за академската 2024/2025 година.**

На 03.03.2025 година Комисијата се обрати со Барање бр. 08-47/4 за дополнителни податоци до МОН за да прибави податоци за тоа:

- Колкав е вкупниот број на поднесени барања од страна на студенти за доделување на студентска стипендија за академската 2024/2025 година, па на 19.03.2025 година до Комисијата пристигнат е Допис бр. 19-1478/4 од МОН во кој е наведено дека согласно Конкурсот за доделување стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија **за академската 2024/2025 година, вкупниот број на поднесени апликации/барања изнесува 5.177 (пет илјади сто седумдесет и седум).**

Воедно, на 27.03.2025 година остварен е службен разговор со вработени лица во МОН за што е сочинет Записник бр. 08-47/6 на кој е евидентирано дека според статистичките податоци со кои министерството располага, **во академската 2024/2025 година, 24 лица, односно студенти со попреченост поднеле барање за стекнување со студентска стипендија, а ова право го оствариле 14 (четиринаест) студенти со попреченост.**

Во согласност со член 9 од Уставот на Република Северна Македонија *"Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви".*

Во Законот за виското образование[2], во член 3 став (2) точка 5, меѓудругото е определено дека "*Дејноста на високото образование се заснова и на начелото на Почитување на човековите права и слободи и гарантирање на принципот на еднаквост и заштита од дискриминација*". Во член 6 став (1) точка 5 од овој закон, меѓу останатите цели утврдено е дека "*Цел на високото образование е овозможување секој поединец под еднакви услови да се здобие со високо образование и да се образува во текот на целиот живот*". Понатаму, одредбата од член 26 став (1) уредува дека "*Статусот на студент, а со тоа и член на академската заедница се стекнува со запишувањето на прв, втор и трет циклус на студии на универзитет, односно на самостојната висока стручна школа*". Член 27 став (2) точка 6 од законот определува дека меѓудругото, "*Студентот има право и да користи услуги на студентскиот стандард (сместување, исхрана, здравствена заштита и друго), градски и меѓуградски превоз според условите утврдени со закон од вршителите на соодветните дејности*", а во точка 13 од истиот став на овој член е уредено дека "*Студентот има право и да добива државни или други стипендии или да користи финансиски кредит за издршка за време на школувањето*".

Законот за студенстски стандард [3], во член 9 став (1) уредува дека "*Под студентски стандард, се подразбира обезбедување на сместување, исхрана, школарина, стипендии, како и задоволување на работните, културните, информативните, спортско-рекреативните и други заеднички потреби на студентите.*" Во член 49 став (1) предвидено е дека "*Доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во Република Северна Македонија се врши врз основа на конкурс кој го објавува Министерството за образование и наука*", а во став (10) од истиот член се уредува дека "*Од вкупниот број на стипендии 49% се за студенти од социјалните категории, 30% се за студенти кои постигнале особен успех во учењето, 20% се за студенти кои се запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки и 1% се за студенти кои се запишани на студиски програми на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование*". Членот 50 пак од овој закон уредува дека "*Корисници на студентски стипендии можат да бидат редовни студенти, државјани на Република Северна Македонија, доколку ги исполнуваат условите и критериумите согласно со овој закон.*"

[2] Службен венсик на Република Македонија, бр. 82/2018, 154/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 178/2021 и 58/2024
[3] Службен весник на Република Македонија, бр. 30/2013, 120/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 178/2016, 64/2018, 20/2019, 124/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 248/2020, 302/2020 и 235/2024

Врз основа на наведеното, особено земени предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата и останатите прибавени докази, се констатира дека лицето д Скопје е запишан на прв циклус студии на Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Педагошки факултет "Св. Климент Охридски" – Скопје, отсек Библиотекарство. Именуваниот е редовен студент на наведениот факултет. Со Наод и Мислење на ЈЗУ Здравствен дом – Скопје, ОЕ Завод за ментално здравје на деца и младинци – "Младост", утврден е видот и степенот на попреченоста, односно кај именуваното лице утврден е Аутистичен сидром. Во академската 2024/2025 година, по објавен конкурс за доделување на стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавни и приватни универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија, на редовниот студент не му била доделена студентска стипендија, односно не го стекнал ова право, со оглед дека именуваниот не спаѓал во ниту една од категориите опфатени со член 49 став (10) од Законот за студентски стандард. ,

Имено, во член 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во став (1) точка 3 е предвидено дека:

**„*Лице со попреченост*" е лице кое има долготрајна физичка, интелектуална, ментална или сензорна оневозможеност, што во интеракција со различните општествени бариери може да го спречи неговото целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите."**

При поставувањето на оваа дефиниција, законодавецот ги имал предвид елементите на дефиницијата на попреченост од Конвенцијата на Организацијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост. Во точка 4 од истиот став на овој член е определено дека:

**„*Соодветно приспособување*" е неопходно и соодветно изменување и приспособување потребно во одреден случај, што не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување, а со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на лицата со попреченост, на еднаква основа со другите. Оневозможување на соодветно приспособување е дискриминација."**

Па во оваа смисла во согласност со наведената Конвенција, клучна карактеристика на обврската за соодветно приспособување, меѓу останатите е – усвојување на измени или приспособувања коишто не наметнуваат несразмерно или непотребно оптоварување на носителот на обврската.

Понатаму, во согласност со член 8 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, "**Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни.**"

Индиректната дискриминација во себе при тоа опфаќа 3 (три) елементи кои меѓусебно треба да бидат застапени за да може да се тврди дека ваков вид дискриминација се случил, и тоа:

1) постоење на навидум неутрална одредба, критериум или практика,
2) која има диспропорционално негативен ефект врз определена група на лица со заштитна карактеристика – дискриминаторска основа (во конкретниот случај попреченоста) и
3) во споредба со други лица во слична ситуација кои ја немаат односната заштитна карактеристика.

Од друга страна пак, во член 7 став (1) од истиот закон е определено дека, *"Нема да се сметаат за дискриминација мерките и дејствата што се преземаат со единствена цел да се отстрани нееднаквото уживање на човековите права и слободи сѐ додека не се постигне фактичка еднаквост на лице или група, ако разликувањето е оправдано и објективно, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно соодветни и неопходни."*, а во став (2) од истиот член е предвидено дека *"ваквите мерки и дејствија се временски ограничени и се применуваат се до постигнување на фактичка еднаквост на лица или група при уживање на нивните права" (афирмативни мерки).*

Во оваа смисла е и решението на законодавецот утврдено со член 49 став (5) од Закон за студенсткиот стандард во кој е предвидено дека МОН доделува стипендии на студентите Роми, а како позитивна, афирмативна мерка, односно мерка со која се стимулира и олеснува студирањето на определена ранлива категорија на граѓани – Роми, од финансиски аспект.

Земено предвид сето наведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај постои индиректна дискриминација кон студентот · и други редовни студенти на јавните и приватни универзитети или на самостојната висока стручна школа во Република Северна Македонија, врз основа на попреченост во областа на образованието, науката и спортот, а која произлегува од одредбите на Законот за студентски стандард чиј предлагач е Министерството за образование и наука.

Дотолку повеќе, ако се земе предвид вкупниот број на студенти со попреченост кои биле кандидати за стекнување со право на студентска стипендија, како и бројот на студенти со попреченост кои го оствариле ваквото право во академската 2024/2025 година, се согледува дека предвидувањето на афирмативна мерка за овие студенти би претставувало нивно мотивирање за продолжување на нивното образование и на студиите, како и нивна поголема општествена инклузија. Од друга страна пак, истото би предизвикало незначителни финансиски импликации по буџетот на буџетскиот корисник.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за образование и наука да изготви и до Собранието на Република Северна Македонија да достави Предлог измени на Закон за студентскиот стандард со кои ќе предвиди најмалку 1% ( еден процент ) од вкупниот број студентски стипендии да им се доделуваат на редовните студенти на јавните и приватните универзитети и на самостојните високи стручни школи во државата - со попреченост, овозможувајќи им остварување на ова право на еднаква основа со другите и за **истото писмено да ја извести Комисијата во рок од 180 дена, односно 6 (шест) месеци од денот на прием на ова мислење.**

Доколку Министерството за образование и наука не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје,
06.05.2025 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- Министерство за образование и наула, ул. "Св. Кирил и Методиј", бр. 54, Скопје
- Архива на КСЗД